Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 16, 16 февруари 2009 година

февруари 2009 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ*** за избор на наставник по предметот Менаџмент на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *микробиологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент за наставно-научната област *микробиологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област *оркестрација* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-стручно звање – виш лектор по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент/помлад асистент) од обласа на македонскиот јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ*** за избор на наставник во сите звања на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научната област *туризам* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 36

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - асистент за групата предмети од електротехника на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за групата предмети од комуникациски вештини и медицинска етика на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 43

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници во звање помлад асистент за фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 47

**РЕФЕРАТ** за избор на предавач на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки во состав на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 51

**РЕФЕРАТ** за избор наставник во сите наставно-научни звања на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 54

**РЕФЕРАТ** за избор на еден насловен вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 67

**РЕФЕРАТ** за избор на еден насловен доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 77

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент / помлад асистент) од областа на македонската книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 85

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници помлади асистенти/асистенти по групата предмети од областа на правните науки на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 88

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТУРИЗАМ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, на седницата одржана на 19.12.2008 година, донесе Одлука (бр. 0210-1589/3-2) за формирање на Рецензентска комисија за избор на помлад асистент/асистент во научната област ***туризам*** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

1. доцент д-р Нако Ташков (претседател),
2. доцент д-р Никола Димитров (член) и
3. доцент д-р Златко Јаковлев (член).

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 129 и 130 од Законот за високото образование и чл. 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс од страна на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, објавен на 27.11.2008 година во дневниот весник „Дневник“, за избор на помлад асистент/асистент во научната област *туризам* се пријавија кандидатите: м-р Тања Ангелкова и м-р Дејан Наковски.

Врз основа на пријавите и останатите потребни документи што ги приложија кандидатите при конкурирањето, Рецензенската комисија ги разгледа пристигнатите документи и ги истакнува своите констатации посебно за секој кандидат.

***Биографски податоци***

**М-р Тања Ангелкова** е родена во 1983 година, во Гевгелија, каде што завршува основното образование. Средно образование завршува во гимназијата „Јосиф Јосифовски”, а потоа дипломира на Филозофскиот факултет, насока Социологија, со главни предмети: Урбана и рурална социологија, Психологија и Социологија на трудот.

Постдипломски студии запишува во 2006 година на Факултет за туристички и хотелиерски менаџмент при Универзитет „Сингидунум“ – Белград (Србија) и по завршувањето на предвидените испити, во 2008 година, го одбранува магистерскиот труд со наслов „*Специфични облици повезивања туризма у пољопривреде на Старој Планини*”.

***Научноистажувачки активности (тренинзи)***

Како млад истражувач, активно учествува во повеќе проекти како соработник - асистент и теренски истражувач.

– *Проект:* Модернизација на македонската економија за земјоделие и храна и нејзина апроксимација на ЕУ, Скопје. *Организација:* FAO (Организација за храна и земјоделие на Обединетите нации), GTZ (Deutsche Gesellschft fur Zusammenarbeit GmbH), мај 2004 година;
– *Проект на организација:* FAO (Организација за храна и земјоделие на Обединетите нации), август 2004 година;
– *Проект:* Партиципативно учење и делување/партиципативно рурално издигнување.

*Организација:* Натура Балканика, Центар за рурален развој, Димитровград, Србија, јули 2005 година;

- *Проект:* Брендирање на региони и продукти. *Организација:* Inwent, Германија, февруари 2007 година;
- *Проект:* Регионален рурален развој. *Организација:* Inwent, Германија, јуни 2007 година;
- *Проект:* Елаборирање на стратегија за локален развој во Југоисточна Европа, *Организација:* Inwent, Германија, септември 2007 година.

***Работно искуство***

- Член на теренско-истражувачкиот тим за мапирање на запоставените заедници и евалуација на социјалните потреби, групна работа, *вработувач* - Министерство за финансии на Република Македонија и Светска банка – IDA, март-јули 2004 г.
- Член на SEAGA во тимот за рурален развој, *вработувач* - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Србија, 7-17 август 2004 г.
- Претпоставена за логистика, *вработувач* – „Натура Балканика”, Центар за рурален развој, Димитровград, Србија, 15 јули – 7 август 2004 г.
- Теренски истржувач, *вработувач* - GTZ Белград, Србија, март-ноември, 2005 г.
- Помошник и известувач на конференција – GTZ Белград/InWent, ноември 2005 г.
- Асистент на проект: The Land of Shopska, *вработувач* – GTZ Белград, Србија, април 2006 – февруари 2007 г.
- Помошник-координатор на проект, *вработувач* – Светска банка/Regional Environmental Centar – Будимпешта, јануари – мај 2007 г.
- Претпоставена за логистика, *вработувач* – „Натура Балканика”, Центар за рурален развој, Димитровград, Србија, мај - октомври 2007 г.
- Теренски истражувач, *вработувач* – GTZ Охрид, октомври – декември 2007 г.
- Експерт по човечки ресурси во проектот, *вработувач* – Центар за развој на цивилно општество PROTECT A/EAR TPC Класа B-143, Ниш, Србија, ноември 2007 – февруари 2008 г.
- Краткорочен асистент на локалниот организатор на MAASP, *вработувач* – GRM International AB / MAASP Program Office, Скопје, Македонија.

***Научноистражувачка активност***
***Објавени трудови***

- Ангелкова Т.: „Испитување на пријателските врски помеѓу трите групи на студенти (Македонци, Албанци и Турци)”, Филолошки факултет, Скопје, Македонија, 2004 г.
- Djordjevic – Miloshevic, S., Ангелкова Т. (2005): „Проценка на руралните области во пограничниот регион на Србија, Бугарија и Македонија“. Студија GTZ Белград, Србија.
- Ангелкова Т.(2005): Истражување на културната комуникација помеѓу студентите на Филозофскиот факултет, Скопје, Македонија.
- Ангелкова Т. (2005): Влијанието на масмедиумите врз културата, Скопје, Македонија.
- Ангелкова Т. (2005): Можности за социо-економски развој на руралните региони на Балканот, дипломска работа, Скопје, Македонија.
- Ангелкова Т. (2006): Традиционално сточарство – ресурс за развој на туризмот на Стара Планина, Белград, Србија.
- Ангелкова Т. (2007): Потенцијал за развој на туризам на Стара Планина – ресурси.
- Ангелкова Т. (2007): Развој на туристичките активности базирани на руралното наследство во регионот на Стара Планина, Белград, Србија.

- Djordjevic-Miloshevic, S., Ангелкова, T., Miloshevic, S. (2007): Проценка на руралните подрачја во охридско-преспанскиот регион; студија, GTZ Охрид-Скопје, Македонија.
- Ангелкова Т. (2008): Туристички ресурси за екотуризам, PROTECTA/EAR- Белград, Србија.
- Ангелкова Т. (2008): SWOT анализа на област Висок; студија, PROTECTA/EAR- Белград, Србија.
- Ангелкова Т. (2008): Специфични облици на поврзување на туризмот и земјоделието на Стара Планина - магистерска теза, Белград, Србија.

***Познавање на странски јазици и информатичка технологија***

Познавање на англиски јазик: читање и пишување, како и основни познавања од: француски, бугарски и српски јазик. Добро познавање на MS OFFICE APPLICATIONS и основно познавање на ADOBE PHOTOSHOP; дигитална фотографија и видеозапис, корисник на Интернет на регуларна основа, WEB DESIGN.

**М-р Дејан Наковски** е роден во 1976 година во Велес. Дипломира на Природно-математички факултет во Скопје, со стручен назив *дипломиран професор по географија*, во 2003 година.

Постдипломски студии запишува на Природно-математички факултет во Скопје на насока Туризмологија и по завршувањето на предвидените испити, во 2008 година, го одбранува магистерскиот труд со наслов *„Можности за развој на алтернативниот туризам во Овче Поле”*.

***Учество во проекти***

- Учество во проект *„Поддршка на процесот за децентрализација”, Стратегија за локален развој на Општина Свети Николе”* и *„Животна средина и природа”, Организација:* Европска агенција за реконструкција .
- Учество како предавач во проект: *„Зајакнување и градење на капацитетите на млади високообразовни невработени лица за самоорганизирање, промоција и услуги во рурален туризам за општините Свети Николе, Штип и Карбинци”, Организација:* ГТЗ РЕД.
- *Проект*: „Модернизација во образованието”, *Организација:* Биро за развој на образованието.

***Работно искуство***

- Наставник по предметот Географија во ООУ „Гоце Делчев” – Свети Николе и ООУ „М. М. Брицо” – Лозово, 2004/2005 г.
- Наставник по предметот географија во ООУ „М. М. Брицо” – Лозово, 2005/2006 г.
- Наставник по предметите Географија и Основи на природните науки во ООУ „Гоце Делчев” и раководител во ПОУ „Гоце Делчев” – Свети Николе, 2006/2007 г.
- Наставник по предметите Географија и Основи на природните науки во ООУ „Даме Груев”- с. Ерџелија и ООУ „Кирил и Методиј” – Свети Николе, 2007/2008 г.
- Наставник по предметот Географија во ООУ „Гоце Делчев” - с. Ерџелија и ПОУ „Гоце Делчев” – Свети Николе, 2008/2009 г.

***Познавање на странски јазици и информатичка технологија***

Познавање на англиски јазик. Активно познавање на MS OFFICE и Интернет.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи го предвид научноистражувачкиот и стручниот опус на кандидатите м-р Тања Ангелкова и м-р Дејан Наковски, Комисијата смета дека и двајцата кандидати имаат постигнато забележителни резултати во своето научноистражувачко и работно искуство.

Кандидатката м-р Тања Ангелкова приложува повеќе трудови во кои обработува актуелни теми од областа *туризам*, со што Рецензентската комисија ѝ дава предност на кандидатката м-р Тања Ангелкова.

Комисијата констатира дека кандидатката м-р Тања Ангелкова ги исполнува условите според Конкурсот. Таа има објавено повеќе научни и стручни трудови, со кои дава свој придонес во областа *туризам.*

Имајќи го предвид гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, согласно со членовите 129 и 130 од Законот за високото образование, **да ја избере м-р Тања Ангелкова во помлад асистент за научната област *туризам*.**

**Рецензентска комисија**

**Д-р Нако Ташков, доцент, претседател, с.р.**

**Д-р Никола Димитров, доцент, член, с.р.**

**Д-р Златко Јаковлев, доцент, член, с.р.**